Влада на Република Северна Македонија

# „Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија“

# Основа на Стратегијата

- Програмата на Владата
- Стратешките приоритети на Владата за 2019-та година
- Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори

Правото на недискриминација и на еднаквост е содржано во членот 9 од Уставот, каде што се содржани основните слободи и права на човекот и граѓанинот: „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и во правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, од националното и социјалното потекло, од политичкото и верското уверување, од имотната и општествената положба".

# Основа на Стратегијата

- Препораките на: Обединетите нации, Советот на Европа, Европската комисија, како и Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

- Советодавниот комитет на Рамковната Конвенција за заштита на националните малцинства (РКНМ) на СоЕ итно препорачува државата „да ги преземе сите неопходни мерки за градење на интегрирано општество кое е цврсто базирано на владеење на правото, заштита на човековите права, вклучително и малцинските права, почитување на различностите, како и да се отфрли екслузивистичката етнонационалистичка политика која дополнително го зацврстува формирањето на паралелни општества“.

# Основна структура на стратегијата

- Проектирана е на **три години** по кои повторно ќе се преиспитаат процесите и ќе се направи анализа за натамошните чекори.

- **Првпат** се подготвува во Република Северна Македонија.

- Документот се состои од **седум стратешки области**, кои имаат анализа на состојба, приоритети и цели, како и акциски план. Тие треба да овозможат менување на општествената стварност преку иницирање на процеси за поинтегрирано општество. Секоја стратешка област се концентрира на постоечките јазови и документи и има цел да ги пронајде заборавените проекти или одново да ги придвижи забавените процеси кои треба да овозможат поголема комуникација и соработка на ниво на општествени сектори.

# Потреба од донесување на стратегијата

- **Потребата** за оваа Стратегија во Република Северна Македонија произлезе од широко распространетите проценки дека државата функционира преку **поделени и одвоени општества**.

- **Примарна оска** на таа поделба е **етничката припадност.**

- Прегледот за спроведување на Охридскиот Рамковен Договор подготвен во 2015 година ја посочува кревката меѓуетничка ситуација, недостатокот на доверба меѓу заедниците, како и потребата од континуирано внимание на социјалната кохезија.

- Втора оска на поделба на македонското општество е **нееднаквоста** и **дискриминацијата**.

# Визија

- Република Северна Македонија изградена врз концептот „Едно општество за сите“ со развиена интеркултурност.

- За нас **Едно општество за сите** подразбира:
    - признавање на сите различности,
    - гарантирање и обезбедување еднаквост,
    - социјална правда,
    - правичност,
    - еднакви можности,
    - вклученост и учество на граѓаните во одлучувањето и
    - постигнување општествена кохезија.



# ПРАВНА РАМКА

## Приоритети и цели:

Ревитализирани, зајакнати, функционални, вмрежени и активни институции

## Мерки и активности:

- Реафирмирање на уставниот принцип на правичната застапеност од сите заедници во правосудните органи
- Формирање на комисии за односи меѓу заедниците на локално ниво
- Обезбедување на функционалност на Комитетот за односи меѓу заедниците во Собранието истражувања на задоволството на граѓаните од услугите што им ги обезбедува општината

# ПРАВНА РАМКА

## Приоритети и цели:

Ефикасен и функционален систем за доследно спроведување на правната регулатива преку хармонизирана домашна правна регулатива со меѓународните документи и ex ante и ex post евалуација на законската регулатива.

## Мерки и активности:

- Прилагодување и измена на нормативни документи
- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за 2020 до 2024
- доследна примена на „Бадентер“ сите заедници на локално и национално ниво

# ОБРАЗОВАНИЕ

## Приоритети и цели:

Интеракција меѓу учениците од сите различности, етнички заедници и различни наставни јазици во основното и средното образование и заеднички вон-наставни активности.

## Мерки и активности:

- заедничка настава по: Физичко и здравствено, странски јазик, Музичко, Ликовно и Информатика во повеќејазичните училишта
- заеднички вон-наставни активности
- меѓусебната соработка помеѓу различни општински/државни училишта
- детските центри со специјална програма за интегрирано, интеркултурно и инклузивно образование
- сектор во МОН за интегрирано, инклузивно и интеркултурно образование

# ОБРАЗОВАНИЕ

**Приоритети и мерки:**

- Зголемени компетенции и соработка на наставниците од различни наставни јазици и вклученост на родителите
- Подобрено ниво на познавање на македонскиот јазик меѓу учениците што учат на не-македонски наставен јазик со ревидирана ње на наставна програма за IV одделение и адаптирани учебници
- Поголемо познавање на јазиците на заедниците на учениците што учат на македонски наставен јазик со изборен предмет за јазикот на други етнички заедница почнувајќи од IV одд.
- Зајакнување на интеркултуралноста и намалување на предрасудите со промена на содржините на учебниците од аспект на прифаќање на сличностите и почитување на различностите

# Локална самоуправа

**Приоритети и мерки:**

- Ефективни платформи за соработка и разбирање меѓу заедниците и остварување на начелото еднакви можности за сите
- Измена на законска регулатива за попрецизно уредување на функционирање на консултативни тела на ЕЛС (избор на членови, финансирање, у надлежности
- Размена на искуства меѓу општини во однос на КОМЗ и КЕМ
- Зајакнато партнерство меѓу општината и граѓаните за општа благосостојба
- Зголемена транспарентност и отчетност на општините

# Локална самоуправа

## Приоритети и мерки:

- Обезбедување на правичен пристап до јавните услуги на локално ниво, особено во руралните средини
- Поголема меѓуопштинска соработка за решавање на проблеми од заеднички интерес  особено проблеми од социјална заштита и образование
- Зголемена достапност на јавните услуги за лица со попреченост и маргинализирани групи со физички пристап до сите јавни објекти и капацитетна јавна администрација



# КУЛТУРА

## Цели:

Зајакнување на надлежностите и севкупните капацитети и ресурси на институциите од културата и уметноста (особено Управата) за креирање и спроведување на проекти кои обезбедуваат култура за сите.

## Мерки:

- Обуки за Управување со различноста, интеркултурна медијација, интеркултурен проектен менаџмент на институциите од културата и уметноста
- Вклучување соодветни содржини во годишните програми на националните установи
- Поттикнување на  соработката и осмислување на заеднички културни активности на културните установи со организации што ги претставуваат овие заедници и групи.

# КУЛТУРА

## Приоритети и мерки:

- Афирмација и развој на меѓусебната почит, разбирање и поддршка на културните различности во општеството, во кое културите на сите заедници, врз основа на развиен интеркултурен дијалог силно соработуваат, меѓусебно се надополнуваат и збогатуваат.

- Субвенционирање на програми и содржини кои се залагаат за елиминирање на национализмот, ксенофобијата, етничките стеги, религиозна, родова, полова и секаква друга дискриминација.

- Специјален Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија и специјална програмска линија/специјален приоритет во локалните конкурси.

# МЛАДИ

## Приоритети и мерки:

- Промовирање на ненасилството, толеранцијата и интеркултурната комуникација меѓу младите и елиминирање на говорот на омраза и криминалот од омраза преку форуми, кампањи, правилници, но и посебен оддел во МВР
- Намалување на етноцентризмот помеѓу младите и изолација на различни моногрупации, учество во заеднички активности и меѓусебна интеракција
- Ревидирање на усвоената Национална стратегија за млади 2016-2025 година и нов закон во согласност со ЕУ препораките и обврските согласно НПАА



# МЛАДИ

## Приоритети и мерки:

- Еднакви можности за ранливи категории млади (од рурални средини, со попреченост, млади од поправни домови, сексуално злоставувани млади, млади кои питачат)
- Воспоставување на академија на млади лидери во ракми на АМС
- Воспоставување на функционални младински центри, како јадро за размена на идеи, креативност, неформална едукација
- Елиминација на сегрегацијата и дискриминација на младите од различно етничко и социо-културно потекло
- Помош на млади со посебни потреби за организирани активности во слободно време

# МЕДИУМИ

## Приоритети и мерки:

- Реформиран јавен радиодифузен сервис кој го негува интеркултурализмот со развој на капацитетите на редакциите, преку нови вработувања, обуки од областа на интеркултурализмот и борбата против говорот на омраза

- Надградени капацитети и зголемени професионални вештини и знаења на вработените во приватните медиуми

- Дополнување на Етичкиот кодекс и/или креирање правила и принципи за афирмација на интеркултурализмот

- Редовна координација на сите чинители со надлежност за адресирање на говорот на омраза (преку Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите).

# МЕДИУМИ

## Приоритети и мерки:

- Поттикнување на продукцијата на содржини во медиумите за афирмација на етничките и културните идентитети и другите различности
- Наставна програма за медиумска писменост за интеркултурните комуникации во образовниот систем и неформалното образование



# СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА

**Приоритети и мерки:**

- Унапредување на одржлив и инклузивен социо-економски рамномерен регионален развој (РРР) со вклученост на граѓаните во процесот на одлучување (Моделот на Форумот во заедницата)
- Промовирање на концептот „Едно општество и интеркултурализам“ преку РРР за постигнување општествена кохезија
- Подобрување на функционалноста на ЛЕР (локален економски развој)  во Општините
- Професионализација на Комисијата за заштита од дискриминација - КЗД,
- Подобрување на функционалноста на Комитетот за односи меѓу заедниците и Комисиите за еднакви можности.

# СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА

## Приоритети и мерки:

- Надградба на балансерот како алатка за правична и соодветна застапеност
- Афирмативни интервенции за сузбивање на недискриминација и нееднаквост по сите основи
- Афирмативни мерки за зголемување на учество на припадниците на маргинализираните групи по сите основи
- Инфраструктурни проекти по населени места на маргинализирани етнички заедници
- Економски развој - воведување на квоти/проценти од средствата на јавни набавки на централно ниво кои ќе се наменат за маргинализираните групи (жени, етнички заедници и други различности)
- Измени и дополнување во Законот за јавни набавки

Влада на Република Северна Македонија

# Ви благодарам.